**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Првото продолжение на Седумдесет и осмата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 13 ноември 2007 година**

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1, со почеток во 13,01 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше господинот Љубиша Георгиевски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Љубиша Георгиевски:** Ги повикувам пратениците кои не се во салата да влезат во салата наскоро ќе почнеме со седницата.

Ги молам службите да достават точен број за присуство на пратениците.

(Службите ги пребројуваат пратениците)

Дами и господа пратеници, продолжуваме со работа по 78-та седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците: Арбен Џафери, Мендух Тачи, Флора Кадриу, Али Ахмети, Фазли Велиу, Агрон Буџаку, Илинка Митрева, Радмила Шекеринска, Лазар Китановски и Оливер Шамбовски, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Процедурално, повелете.

**Рржди Матоши:** Благодарам господине претседателе.

Врз основа на точка 79 од Деловникот за работа на Парламентот, точка 3 од овој член барам да се прекине оваа пленарна седница, а објаснувањата се даваат во овој член од Деловникот за работа. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Предлогот го ставам на гласање.

Ги молам службите да достават точен број на присутни пратеници во салата.

(Службите ги пребројуваат рисутните пратеници во салата)

(Пратениците од СДСМ и ЛДП реагираат од место)

Ве повикувам да гласаме за предлогот на господинот Матоши.

(И понатаму реакција на пратениците во салата)

Во присуство на 69 пратеници, гласале 45. За гласале 44, воздржани нема, против 1.

Според тоа оваа седница се прекинува.

Ве повикувам сите координатори на пратеничките групи на договор во Охридската сала.

(Седницата прекина во 13, 10 часот).

(По паузата)

**Љубиша Георгиевски:** Бидејќи времето на прекинот на седницата Деловнички изнесува максимум еден час, а се заклучи дека пратеничката група што го бараше прекинот не може да се усогласи, ја прекинувам седницата и закажувам нова итна седница по барање на пратеничката група ДПА.

Таа седница ќе се одржи после паузата за ручек. Благодарам.

(Седницата прекина со работа во 14,00 часот)